Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. Климент Охридски"-Битола
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-Битола

Бр. 02-275/3
13.10.2020 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 47 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни,научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и Одлуката бр. 02-275/3 од 13.10.2020 година, Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет – Битола, распишува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС
за избор на демонстратори за учебната 2020/2021 година

Се распишува интерен оглас за избор на:
1. два демонстратори на Насоката за Македонски јазик и книжевност.
2. два демонстратори на Насоката за Англиски јазик и книжевност.

Кадидатите под број 1. треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да се студенти на Насоката за Македонски јазик и книжевност на втор или трет циклус студии на Педагошкиот факултет – Битола.

- Кандидатите, студиите од прв циклус (додипломски студии) да ги завршиле со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум) на студиска програма Македонски јазик и книжевност.

Кадидатите под број 2. треба да ги исполнува следните општи услови:

- Да се студенти на Насоката за Англиски јазик и книжевност на втор или трет циклус студии на Педагошкиот факултет – Битола.

- Кандидатите, студиите од прв циклус (додипломски студии) да ги завршиле со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум) на студиска програма Англиски јазик и книжевност.

Кандидатите под број 1. и под број 2. треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

- Да имаат добиено препораки од двајца наставници на Педагошкиот факултет – Битола
- Да поседуваат комуникациски вештини
- Да има познавање на MS office

Изборот на кандидатите се врши за учебната 2020/2021 година.

Кандидатите кон пријавата по огласот треба да достават докази за исполнетоста на условите утврдени во Интерниот оглас, а пријавата ја доставуваат до архивата на Педагошки факултет – Битола

Конкурсот трае осум (8) дена од денот на објавувањето во огласната табла и интернет страната на Педагошкиот факултет - Битола.

Наставно- научен совет
Декан
проф. д-р Добри Петровски